# ШТО Е ЛОКАЛНА ВЛАСТ И КАКО ЈА ИЗБИРАМЕ

Прирачник за локални избори наменет за гласачи





ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

# ШТО Е ЛОКАЛНА ВЛАСТ И КАКО ЈА ИЗБИРАМЕ

Прирачник за локални избори наменет за гласачи

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа
**Мисија во Скопје**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

**Наслов:**
**Што е локална власт и како ја избираме - Прирачник за локлани избори наменет за гласачи**

**Авторки и автори:**
Нина Шуловиќ-Цветковска, Маја Лазарова и Душко Тодороски
од Мисијата на ОБСЕ во Скопје,
Адмир Шабани и Љупка Гугучевска-Филипоска од Државната изборна комисија

**Издавачи:** Државна изборна комисија на Република Северна Македонија и Мисија на ОБСЕ во Скопје

**Лектура:** Злата Ѓуроска Брајовиќ

**Графичка обработка и дизајн:** Полиестердеј

Прирачникот е изработен во рамките на проектот „Поддршка на демократското управување и процесите за инклузија" на Мисијата на ОБСЕ во Скопје во 2021 година, во соработка со Државната изборна комисија на Република Северна Македонија.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

Република Северна Македонија
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА

www.osce.org/skopje
www.sec.mk

Сите права се задржани. Содржината на оваа публикација може слободно да се користи и умножува во образовни и други некомерцијални цели, под услов при секоја таква репродукција да се наведат Државната изборна комисија на Република Северна Македонија и Мисијата на ОБСЕ во Скопје како извор.

Содржината, ставовите, мислењата, наодите, толкувањата и заклучоците содржани во оваа публикација не ги одразуваат гледиштата и ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

# Содржина


ВОВЕД . . . . . 5

**1. ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** . . . . 7

**2. ОРГАНИ НА ОПШТИНАТА** . . . . . 9

**3. ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ – КАКО СЕ ИЗБИРААТ ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА** . . .13

- 3.1. Право да се биде избран/а и право на кандидирање . . . . .13
- 3.2. Што содржи гласачкото ливче? . . . . .15
- 3.3. Избор на градоначалничка/градоначалник . . . . .16
- 3.4. Избор на членовите на Советот на општината . . . . .17
- 3.5. Изборна кампања и медиуми . . . . .19
- 3.6. Финансирање на локалните избори . . . . .19
- 3.7. Постапка за гласање . . . . . 20
- 3.8. Гласање на лица на кои им е потребна помош при гласањето . 22
- 3.9. Приговори од гласачите . . . . . 23

**4. ДЕМОКРАТСКО УПРАВУВАЊЕ** . . . . . 24

- 4.1. Што претставува демократското управување . . . . . 24
- 4.2. Кои се основните принципи на демократското управување? . . 25

**5. НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА** . . . . . 27

- 5.1. Кои надлежности ги има општината . . . . . 27
- 5.2. Начини на извршување на надлежностите . . . . . 29
- 5.3. Надзор над работата на општината . . . . . 29

**6. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ** . . . . .31

**7. НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ВО ОПШТИНИТЕ** . . . . . 33

- 7.1. Граѓанска иницијатива . . . . . 33
- 7.2. Собир на граѓани . . . . . 33
- 7.3. Референдум . . . . . 34
- 7.4. Претставки и предлози . . . . . 34
- 7.5. Јавни трибини, анкети и предлози . . . . . 35

**Користена литература** . . . . . 36

# ВОВЕД

Овој прирачник е наменет за сите граѓанки и граѓани на Република Северна Македонија што имаат желба да се запознаат со основните поими со кои ќе се сретнат во пресрет на локалните избори, како и со чекорите во изборниот процес .

Прирачникот нуди кусо објаснување за тоа што претставува локалната самоуправа и кои органи се избираат на локални избори во Република Северна Македонија. Објаснувајќи како се избираат органите на локалната самоуправа, прирачникот на практичен начин дава информации за содржината на гласачкото ливче, како се одвива процесот на гласање и кој ги финансира локалните избори, а се осврнува и на механизмите за заштитата на гласачките права.

За да добијат читателите целосна слика за значењето на локалните власти во едно демократско општество, во продолжение е опишано што значи демократско управување и кои се основните принципи на демократското управување. Раководејќи се од принципот дека информираните граѓанки и граѓани се клучни за успешно функционирање на демократско општество, прирачникот дава преглед на надлежностите на општините, односно објаснува во кои сегменти општините секојдневно влијаат врз животот на своите жители. Надзорот над работата на општините, финансирањето на општините, како и методите за непосредно вклучување на граѓанките и граѓаните во донесувањето на одлуките во општината се завршните поглавја во овој прирачник.

Државната изборна комисија, како највисок орган во државата задолжен за спроведување на изборите, е посветена на тоа сите гласачи да бидат навремено и добро информирани за изборниот процес и за своите изборни права. Изборите се суштински елемент на демократијата и

затоа Државната изборна комисија е посветена на градење на довербата на јавноста. Довербата во органите што ги спроведуваат изборите, како и добро информираните граѓанки и граѓани се предуслов за демократски, кредибилни и правични избори.

Веруваме дека прирачникот ќе им биде од голема корист на сите заинтересирани гласачи, а Државната изборна комисија секогаш останува отворена за сите прашања, мислења, совети и иновативни предлози.

# 1. ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Заради остварување на своите права и задоволување на потребите од локални услуги во секојдневното живеење, граѓаните на локално ниво се организираат во единици на локалната самоуправа. Правото на локална самоуправа на граѓанките и граѓаните на Република Северна Македонија им е загарантирано со највисокиот правен акт на државата – Уставот.

## Што претставува локалната самоуправа?

Локалната самоуправа претставува облик на управување. Таа е дел од системот на политичката власт во една земја. Локалната власт е самостојна во извршувањето на работите од делокругот на своите надлежности, кои ѝ се доделени со Уставот и законите. Локалната самоуправа се спроведува во рамките на утврдени локални заедници што се нарекуваат единици на локалната самоуправа. Единици на локалната самоуправа се општините и Градот Скопје. Општина е заедница на луѓето што живеат на одредено подрачје. Територијата на општината е утврдена со закон. Во рамките на една општина, на жителите им се овозможува да ги добијат локалните јавни услуги за кои е надлежна општината: образование, детска заштита и заштита на стари лица, и комунални услуги (водоснабдување, собирање и управување со смет, одржување на паркови, спорт, итн.). За да може да функционира и да им ги обезбедува услугите на граѓаните и граѓанките, општината има општински органи, општинска администрација и организирани јавни служби (јавни претпријатија и установи).

Општината се основа за подрачје на едно или повеќе населени места во кои граѓаните се поврзани со заеднички потреби и интереси. Интересите на граѓаните се разликуваат и во секое населено место има различни потреби и приоритети. Потребите во руралните и во урбаните средини се целосно различни и затоа е потребно да се одговори на овие специфики.

Територијалната организација на Републиката и подрачјата на општините се утврдуваат со закон. Локалната самоуправа во Република Северна Македонија е организирана во 80 општини и Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа. Подрачјето на кое се основа општината треба да претставува природна географска и економска целина, со комуникации меѓу населените места и гравитација кон еден заеднички центар – седиштето на општината.

Во својата општина, граѓаните директно – со своите лични мислења и предлози - или преку претставнички тела во општината, одлучуваат за интересите и работите од локално значење.

Организацијата на Градот Скопје како посебна единица на локалната самоуправа се уредува со посебен закон. Во Градот Скопје граѓаните непосредно и преку претставници учествуваат во одлучувањето за прашања од значење за градот. Во состав на Градот Скопје функционираат 10 општини, кои имаат поделени надлежности со Градот.

# 2. ОРГАНИ НА ОПШТИНАТА

Општините ги извршуваат своите надлежности преку своите органи. Законот за локалната самоуправа ги регулира надлежностите на органите на општината.

**Органи на општината се: Советот и градоначалничката/градоначалникот.**

Советот е претставнички орган на граѓаните што одлучува во рамките на надлежностите на општината. Составен е од членови што граѓаните ги избираат на општи, непосредни и слободни избори со тајно гласање. Членовите на советот се избираат за време од четири години.




Од бројот на жители во една општина зависи и бројот на членови во општинскиот совет. Односот помеѓу бројот на жители и бројот на советници и советнички во општините е прикажан во Табела 1.

*Табела 1.*

| ГОЛЕМИНА НА ОПШТИНСКИТЕ СОВЕТИ | |
|---|---|
| **Број на жители** | **Број на членови на Совет** |
| До 5.000 | 9 |
| Од 5.001 до 10.000 | 11 |
| Од 10.001 до 20.000 | 15 |
| Од 20.001 до 40.000 | 19 |
| Од 40.001 до 60.000 | 23 |
| Од 60.001 до 80.000 | 27 |
| Од 80.001 до 100.000 | 31 |
| Над 100.000 | 33 |
| Град Скопје | 45 |

*Извор: Закон за локална самоуправа, 2002*

Членовите на Советот се овластени да ги претставуваат граѓаните, и во нивен интерес, а по свое уверување, да одлучуваат во Советот. Советот работи на седници и носи одлуки согласно своите надлежности:

1. Го донесува Статутот на општината и други прописи што ја регулираат работата;
2. Донесува буџет на општината и годишна сметка на општината;
3. Одлучува за висината на сопствените извори на приходи за финансирање на општината;
4. Основа јавни општински служби (претпријатија/установи) и врши надзор над нивната работа;
5. Именува членови во управните одбори на јавните служби, кои ги основа;
6. Усвојува програми за работа и финансиски планови;
7. Ги усвојува финансиските извештаи за извршување на буџетот и годишната сметка на општината;
8. Ги усвојува извештаите за работата и годишните сметки на јавните служби што ги основала општината;
9. Одлучува за имотот во сопственост на општината (продавање, изнајмување);
10. Врши финансиска контрола над буџетот на општината;

11. Го избира лицето што раководи со подрачната единица на Министерството за внатрешни работи во општината;
12. Го разгледува и усвојува годишниот извештај за јавната безбедност на подрачјето на општината;
13. Друго.

За разгледување на прашања од одредена област, Советот од својот состав може да формира постојани и повремени комисии, како на пример:

- Комисија за финансирање, буџет и локален економски развој;
- Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина;
- Комисија за општествени дејности; Комисија за Статут и прописи;
- Комисија за еднакви можности на жените и мажите;
- Комисија за спорт и млади;
- Комисија за заштита на правата на децата.

Работата и одлучувањето во Советот треба да се одвиваат со почитување на принципите на транспарентно, отворено работење и со вклучување на граѓаните во процесот на донесување на одлуки.

Градоначалничката/градоначалникот е извршен орган во општината, надлежен за следните работи:

1. Ја претставува и застапува општината;
2. Контролира дали одлуките на Советот се во согласност со законите и Уставот;
3. Ги објавува одлуките и прописите на Советот во службеното гласило на општината;
4. Се грижи за извршувањето / спроведувањето на одлуките на Советот;
5. Предлага до Советот донесување на прописи;
6. Ги предлага годишниот буџет и годишната сметка на општината, кои ги усвојува Советот;
7. Го извршува буџетот на општината;
8. Избира директорки и директори на јавните служби што ги основала општината, врз основа на јавен конкурс;

9. Раководи со општинската администрација;
10. Донесува Правилник за систематизација на работните места на општинската администрација;
11. Одлучува за вработувањето, правата, должностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, доколку поинаку не е определено со закон;
12. Го доставува планот за годишни вработувања до Советот и по добиена согласност го испраќа до Министерството за информатичко општество и администрација;
13. Обезбедува правилно и законито користење, одржување и заштита на имотот на општината, во согласност со Законот и Статутот;
14. Друго.

За извршување на работите од надлежност на органите на општината се организира општинска администрација. Вработените во општинската администрација се стручни да им овозможат поддршка на општинските органи и технички да овозможат непречена испорака на општинските услуги.

Општинската администрација се организира во организациски единици - сектори и одделенија и ги извршува следните работи:

1. Врши стручни работи за Советот и за градоначалничката/градоначалникот;
2. Ги подготвува седниците на Советот, како и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
3. Го води сметководството на општината;
4. Ги следи работите од надлежност на општината и дава иницијативи и предлози за решавање на локалните проблеми;
5. Доставува информации и податоци во врска со активностите на општината;
6. Друго.

Лицата во општинската администрација се дел од постојано вработената јавна администрација. Тие не се избираат на непосредни избори и не би требало да се менуваат со изборот на нова градоначалничка/градоначалник, или нов Совет.

# 3. ЛОКАЛНИ ИЗБОРИ – КАКО СЕ ИЗБИРААТ ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

Органите на единиците на локалната самоуправа, односно органите на општината и на градот Скопје се избираат на локални избори. Во секоја општина и во градот Скопје се избира градоначалничка/градоначалник, и Совет на општината или Совет на Град Скопје.

Членовите на Советите и градоначалничките и градоначалниците се избираат на општи, непосредни и слободни избори, со тајно гласање. Никој не смее да го повика избирачот на одговорност поради гласањето, ниту пак од него да бара да каже за кого гласал.

Во Република Северна Македонија локални избори се одржуваат секоја четврта година, истовремено во сите 80 општини и во градот Скопје.

Првите локални избори во нашата земја, по осамостојувањето во 1991 година, одржани се во 1996, и потоа во 2000, 2005, 2009, 2013, 2017 и претстојните во 2021 година.

Изборите ги распишува Претседателот на Собранието со донесување акт што се објавува во Службен весник. Изборите се одржуваат најрано 70, а најдоцна 90 дена од денот на распишување на изборите.

## 3.1. Право да се биде избран/а и право на кандидирање

Кандидат за градоначалничка/градоначалник, или член на Совет на општината може да биде државјанин, односно државјанка на Република Северна Македонија што наполнил/а 18 години живот, има деловна способност и има постојано живеалиште во општината за која се кандидира. Лице што е осудено со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над 6 месеци, чие издржување не е започнато, или се наоѓа на издржување на казна за сторено кривично дело, не може да биде кандидат за овие позиции.

Предлагањето на кандидати за градоначалнички и градоначалници, и членови на Советот се врши со поднесување на листа на кандидати за градоначалнички/градоначалници, и листа на кандидати за членови на Советот. Листа на кандидати можат да поднесат регистрирани политички партии, коалиции составени од повеќе регистрирани политички партии и група избирачи. Тие се викаат подносители на листи.

Доколку група избирачи сака да поднесе листа на кандидати на локалните избори, таа претходно мора да собере одреден број потписи од граѓани што ја подржуваат. Бројот на потписи што треба да се соберат зависи од бројот на жители во општината и се движи од 100 за најмалите општини до 1000 потписи за градот Скопје. Само на овој начин листата предложена од група избирачи ќе биде прифатена и ќе може да учествува на изборите. Регистрираните политички партии и коалициите не треба да собираат потписи.

Листите на кандидати се доставуваат до изборните органи, во овој случај до Општинските изборни комисии и Изборната комисија на Град Скопје, 35 дена пред денот на одржување на изборите. Изборните органи утврдуваат дали листите се во согласност со законот, ги потврдуваат оние листи што ги исполнуваат законските барања и јавно ги огласуваат 23 дена пред денот на изборите во сите населени места и на сите избирачки места во општините.

Еден подносител на листа (политичка партија, коалиција или група избирачи) на листата може да предложи најмногу онолку кандидати колку што вкупно членови на Совет може да има во таа општина (според Табела 1).

На пример, во Советот на Општина Центар треба да се изберат 23 члена на Советот. Подносителот на листа А може да предложи најмногу 23 кандидати, но и подносителот на листа Б може исто така да предложи најмногу 23 кандидати за Советот, додека на пример подносителот на листа В може да одлучи да предложи 10 кандидати.

Во листите на кандидати за членови на Совет на општината и Градот Скопје на секои три места најмалку едно место мора да му припаѓа на помалку застапениот пол, и дополнително уште најмалку по едно место на секои десет места. На овој начин се обезбедува најмалку 40% од кандидатите да му припаѓаат на помалку застапениот пол, кој во нашата држава најчесто се жените.

Во општините во кои најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, листите се објавуваат и на службените јазици што се употребуваат во таа општина.

Утврдените листи на кандидати, Државната изборна комисија ги печати во форма на гласачки ливчиња за секоја општина посебно. Гласачите при гласањето добиваат по две гласачки ливчиња: едно на кое гласаат за градоначалничка/градоначалник, и едно на кое гласаат за Советот на општината, а гласачите од Скопје дополнително добиваат уште две гласачки ливчиња, на кои гласаат за градоначалничка/градоначалник на Град Скопје и за членовите на Советот на Град Скопје.

## 3.2. Што содржи гласачкото ливче?




Изгледот и содржината на гласачкото ливче ги утврдува Државната изборна комисија. Гласачките ливчиња имаат видливи и невидливи заштитни знаци што оневозможуваат нивна злоупотреба. Бојата на позадините на гласачките ливчиња за градоначалничка/градоначалник и за членови на Советот се разликуваат. Во најгорниот дел од гласачкото ливче е напишано името на општината и бројот на гласачкото место. Потоа следува листата со имињата на кандидатите и политичките партии, коалициите или групите избирачи што ги кандидирале. На гласачкото ливче за избор на градоначалничка/градоначалник се напишани имињата на кандидатите за градоначалничка/градоначалник, а на ливчето за членови на Советот стојат имињата на носителите на кандидатската листа. Имињата на сите кандидати предложени за Советот не се напишани на гласачкото ливче. Тие се, како што веќе спомнавме, јавно објавени, а гласачот може да ги види и прочита во медиумите или истакнати на ѕид пред гласачкото место на кое го остварува своето право на глас.

Гласачот гласа така што на гласачкото ливче за градоначалничка / градоначалник, односно на гласачкото ливче за Совет на општината, го заокружува со сино пенкало редниот број пред името на кандидатот за кој сака да гласа. Гласачот не мора на двете гласачки ливчиња да гласа за истата политичка опција. Гласањето е тајно и секој гласач може да го оствари своето гласачко право само еднаш.

Во зависност од тоа во која општина живеат, гласачите добиваат гласачки ливчиња отпечатени  на македонски јазик, или на македонски јазик и на

јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во таа општина. Така, има општини каде гласачките ливчиња се печатат на два или три јазици, на пример македонски, ромски и албански јазик. На лицата со оштетен вид достапен им е шаблон со Брајова азбука.

## 3.3. Избор на градоначалничка/градоначалник

Изборот на градоначалничка/градоначалник се врши на подрачјето на една општина, односно на подрачјето на градот Скопје, според мнозинскиот модел. Мнозински модел значи дека кандидатот што ќе освои најмногу гласови го добива изборниот мандат.

Право на глас имаат сите полнолетни, деловно способни граѓанки и граѓани што живеат на територијата на таа општина и се запишани во избирачкиот список. Гласачот избира еден кандидат од утврдените кандидати за градоначалничка/градоначалник што се наоѓаат на гласачкото ливче.

**Изборите за градоначалничка/градоначалник може да се состојат од еден или од два круга на гласање.**

Доколку во првиот круг од гласањето, на изборите излегле една третина од гласачите запишани во Избирачкиот список за соодветната општина, за градоначалничка/градоначалник е избран оној кандидат што има освоено најмногу гласови. Тогаш гласањето завршува тука и во таа општина не се организира втор круг.

Во оние општини во кои во првиот круг од гласањето на изборите излегле помалку од една третина од гласачите запишани во Избирачкиот список, се организира втор круг и целата изборна постапка се повторува.

### ИНТЕРЕСНИ ФАКТИ:

Излезност на локалните избори одржани во Република Северна Македонија од 1996 до 2017 година, во првиот и вториот круг на гласање[1]:

| ГОДИНА | 1996 | 2000 | 2005 | 2009 | 2013 | 2017 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Прв круг** | 60% | 59% | 56% | 57% | 67% | 60% |
| **Втор круг** | 51% | 53% | 53% | 43% | 65% | 52% |

[1] Извор: Извештај на Мисијата за набљудување на локалните избори во 2017 на ОБСЕ/ОДИХР и Прирачник за локалните избори во 2017 година на Конрад Аденауер и Институтот за демократија „Социетас Цивилис“– Скопје.

Вториот круг на гласање се одржува во рок од 14 дена од денот на завршување на првиот круг. Во вториот круг се избира помеѓу двајцата кандидати што во првиот круг добиле најмногу гласови. Имињата на останатите кандидати што претходно биле на листата, а освоиле помалку гласови, повеќе не се на гласачкото ливче. Избран е оној кандидат што во вториот круг добил поголем број на гласови.

Ако и по вториот круг од кои било причини не се избере градоначалничка/градоначалник, Владата назначува повереничка/повереник што ќе ги извршува надлежностите на градоначалничката/градоначалникот, сé додека не се распишат повторни избори во таа општина и не се спроведат повторни избори за градоначалничка/градоначалник.

## 3.4. Избор на членовите на Советот на општината

Изборот на членовите на Советот на општината се врши на подрачјето на општината, односно на подрачјето на градот Скопје, според пропорционалниот модел со затворени листи. Затворена листа значи дека гласачот гласа за листа на кандидати, онака како што е таа предложена од подносителот на листата. Пропорционален модел значи дека откако ќе заврши гласањето и ќе се избројат гласовите, распределбата на мандатите се врши меѓу подносителите на листи според точно утврден математички модел и во пропорција со изборните резултати.

Право на глас имаат сите полнолетни, деловно способни граѓани што живеат на територијата на таа општина и се запишани во избирачкиот список. Гласачот по сопствен избор заокружува само една листа на кандидати, предложена од еден подносител на листа (одредена политичка партија, коалиција или група избирачи). На тој начин гласачот не го дава својот глас поединечно за секоја советничка/советник, туку за одредена политичка опција (партија, коалиција, група од независни кандидати).

Колку советнички и советници ќе има одредена политичка партија или коалиција во советот на општината се пресметува по таканаречената Д'Хондт-ова формула, тргнувајќи од бројот на гласови што ги освоила предложената листа на таа политичка партија или коалиција на изборите.

Изборите на членови на Советот се одвиваат само во еден круг на гласање.

По завршувањето на изборите и утврдувањето на конечните резултати, во Република Северна Македонија има вкупно 81 градоначалнички и градоначалници, и 81 Совет, кои понатаму имаат мандат во наредните четири години.

Функцијата градоначалничка/градоначалник се врши професионално. Тоа значи дека градоначалничката/градоначалникот за време на својот мандат престанува да работи на своето претходно работно место и ја врши функцијата градоначалничка/градоначалник со полно работно време, за што прима редовна месечна плата. Членовите на советот, пак, продолжуваат да работат на своите работни места, а функцијата советничка/советник ја обавуваат дополнително и за тоа добиваат извесен финансиски надомест определен со закон.

Лицето што е избрано и ја прифатило функцијата на градоначалничка/градоначалник или член на Совет не може во исто време да обавува други јавни функции како што се: претседателка/претседател на Републиката, пратеничка/пратеник во Собранието, претседателка/претседател на Владата, министерка/министер, заменик-министерка/министер, судијка/судија, јавна обвинителка/обвинител, јавна правобранителка/правобранител, народна правобранителка/правобранител и други функции што ги избираат или ги именуваат Собранието и Владата, член на управен одбор на јавно претпријатие, установа, фонд, агенција и слично. Исто така, градоначалничката/градоначалникот не може во исто време да биде и член на Советот на општината, и обратно.

## ИНТЕРЕСНИ ФАКТИ:

На локалните избори одржани во 2017, 19 политички партии и коалиции и 65 групи избирачи предложија вкупно 258 кандидати за градоначалнички и градоначалници и 370 кандидатски листи за совети. Избрани се 81 градоначалничка/градоначалник и вкупно 1.347 членови во 81 совет. Првиот круг се одржа на 15 октомври 2017, кога беа избрани 45 градоначалнички и градоначалници, додека вториот круг се одржа на 29 октомври и тогаш беа избрани градоначалнички и градоначалници во преостанатите 35 општини. Од вкупно 81 избрани лица, само 6 беа жени. Гласањето во првиот круг се одвиваше на 3.478 избирачки места на територијата на цела држава, а право на глас имаа 1.814.644 граѓани запишани во избирачкиот список. Изборите ги набљудуваа 6.417 странски и домашни набљудувачи.[2]

[2] "Извештај за локални избори 2017", Државна изборна комисија, 30.10.2017, пристапено на: https://drive.google.com/file/d/1TikLdNzuV-pABg12HX4okeu2fj1IXF-F/view

## 3.5. Изборна кампања и медиуми

Изборна кампања претставува јавно претставување на кандидатите што учествуваат во изборната трка и нивните програми преку јавни собирања, настани, истакнување плакати, јавни видео презентации, делење печатен материјал и претставување во медиумите. Изборната кампања започнува 20 дена пред денот на изборите и завршува 24 часа пред денот на изборите. Значи, еден ден пред денот на изборите и на денот на изборите не е дозволено да се спроведува и емитува изборна кампања. Тоа се вика изборен молк. Но, на денот на изборите, односно за време на изборниот молк, на медиумите им е дозволено и тие секако продолжуваат да известуваат за текот на самиот изборниот процес и за гласањето.

Печатените медиуми, јавниот радиодифузен сервис (Македонската радио телевизија - МРТ), националните приватни телевизии и радија, како и интернет порталите што одлучиле да го покриваат изборниот процес се должни тоа да го прават на правичен, избалансиран и непристрасен начин. Независно од јазикот на кој се емитуваат, тие се должни на сите кандидати да им овозможат подеднаков пристап до сите емисии и форми на медиумско претставување. Исто така, МРТ и националните телевизии и радија се должни информациите поврзани со изборите да ги емитуваат во формати што се пристапни за сите граѓани, како и на знаковен јазик.

Програмите наменети за малолетната публика не смеат да се користат за изборно медиумско претставување.

## 3.6. Финансирање на локалните избори

Средствата потребни за спроведување на локалните избори се обезбедуваат од буџетот на општината и Градот Скопје. Со нив располага Општинската изборна комисија, односно Изборната комисија на градот Скопје. Средствата потребни за изборниот материјал (гласачки кутии, паравани, гласачки ливчиња, информативен материјал итн.) се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија и со нив располага Државната изборна комисија.

Доколку некоја општина не е во можност да ги обезбеди средствата за спроведување локални избори поради блокирана жиро-сметка, тогаш тие се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

За разлика од спроведувањето на изборите за што средствата се обезбедуваат од буџетот на општините, изборната кампања не смее да се финансира од јавни средства, како што се буџетите на општините и средствата од јавни

претпријатија, установи, здруженија на граѓани, верски заедници, религиозни групи и фондации, странски влади, меѓународни организации и слично.

Својата изборна кампања една политичка партија може да ја финансира од средствата што ги поседува политичката партија, од донации што партијата ги добива и од кредити наменети за избори.

По завршување на изборите, сите учесници во изборниот процес (политичките партии, коалициите и групите избирачи, медиумите и Државната изборна комисија) се должни да поднесат финансиски извештаи до надлежните органи.

Откако изборните органи ќе ги објават официјалните и конечни изборни резултати, избраните претставници, односно градоначалничките/градоначалниците и Советите почнуваат да ги остваруваат своите обврски во рамките на надлежностите на општината, поддржани од општинската администрација.

## 3.7. Постапка за гласање

Гласањето се одржува на денот определен за гласање согласно Одлуката за распишување на Локалните избори, која ја носи Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија.







Гласањето започнува во 07:00 часот и трае непрекинато до 19:00 часот.

Право на глас има секое лице што:

- е запишано во изводот од избирачкиот список и
- поседува важечки документ за лична идентификација - лична карта или патна исправа.

Постапката за гласање се одвива на следниот начин:

- Гласачите пристапуваат да гласаат еден по еден.
- Избирачкиот одбор ќе го провери личниот идентитет на гласачот.
- Личниот идентитет се докажува со важечки личен документ и со отпечаток од прсти. За важечки личен документ се смета: важечка лична карта или важечка патна исправа или лична карта чија важност истекла во периодот од распишување на изборите до денот на нивното одржување.

- Гласачот нема да може да гласа доколку нема еден од претходно наведените важечки лични документи или доколку отпечатокот од прсти не се совпаѓа со отпечатокот од прсти во електронскиот избирачки список, иако го има во Избирачкиот список.
- Избирачкиот одбор врши проверка дали гласачот претходно гласал.
- Потврдувањето на идентитетот и проверката дека гласачот нема гласано претходно се врши на тој начин што на гласачот ќе му биде земен отпечаток од показалецот од десната рака. Доколку гласачот нема десен показалец, се зема отпечаток од показалецот од левата рака. Доколку на гласачот му недостасуваат овие два прста, се зема отпечаток од наредниот прст.
- На екранот на мониторот ќе се појави слика на гласачот и редниот број во избирачкиот список, по што гласачот ќе стави потпис во избирачкиот список.
- По завршувањето на оваа постапка, на гласачот ќе му се издадат гласачките ливчиња, едно за избор на градоначалничка/градоначалник на општината и едно гласачко ливче за избор на советници и советнички во Советот на општината, при што на гласачките ливчиња им се става печат од гласачкото место на местото предвидено за ставање на печат.
- Се гласа самостојно зад гласачкиот параван со заокружување на редниот број пред само еден кандидат со пенкалото што е оставено во паравалот.
- Со заокружување на повеќе кандидати, внесување дополнителни симболи, пишувања на страна, или одбележување на ливчето со фломастер или пенкало во која било боја освен сина, гласачкото ливче станува неважечко.
- Откако ќе гласа, гласачот го превиткува секое гласачко ливче поединечно и го пушта во соодветната гласачка кутија.
- Се зема документот за лична идентификација и се напушта гласачкото место.

**По исклучок**, доколку техничката опрема не може да најде совпаѓање на отпечатоците, а избирачкиот одбор може да го утврди личниот идентитет на гласачот преку важечка лична карта или важечки пасош и ќе утврди дека нема претходно гласано преку потписите во избирачкиот список, во тој случај гласачот ќе биде внесен во техничката опрема со пребарување преку нејзиниот/неговиот единствен матичен број (ЕМБГ) и ќе му се земе отпечаток од прст со цел заштита на избирачкото право.

Утврдување на идентитетот на гласачот и дали тој/таа претходно има гласано се врши без техничка опрема во следниве случаи:

- за гласање на избирачи што гласаат дома,
- за гласање на граѓаните што за време на изборите се наоѓаат во установи за вонсемејна грижа,
- за гласање на граѓаните што за време на изборите се на издржување казна затвор или се во притвор, односно куќен притвор,
- за гласање на граѓаните што за време на изборите се наоѓаат на привремена работа или престој во странство,
- за гласање на членовите на избирачките одбори за гласање во ДКП, односно конзуларните канцеларии.

## 3.8. Гласање на лица на кои им е потребна помош при гласањето

За избирачите - лица со попреченост што не можат да влезат, односно да пристапат до гласачкото место, избирачкиот одбор е должен на овие лица да им овозможи на соодветен начин да влезат односно пристапат во гласачкото место за да го остварат своето право на глас.

Доколку овие лица со себе не довеле лице што ќе им помогне при влезот односно пристапот во гласачкото место, во тој случај избирачкиот одбор е должен да определи лица од редот на избирачите што во тој момент се затекнале во гласачкото место да му помогнат на избирачот со попреченост да влезе, односно да пристапи до гласачкото место за да го оствари своето право на глас.

**ВАЖНО:** Државната изборна комисија во соработка со здруженија на граѓани за правата на лицата со попреченост изготвува материјали што на лицата со попреченост им овозможуваат полесен пристап до изборниот процес (пр. граничници за потпишување во избирачкиот список, шаблони со Брајова азбука, постери со сликовити прикази на чекорите за гласање, кои се ставаат пред секој член на ИО, и други материјали).

## 3.9. Приговори од гласачите

Доколку поради кои било причини на избирачот не му е дозволено да го оствари своето право на глас, избирачкиот одбор, на барање на гласачот, треба да пополни образец во два примероци, претходно усвоен од Државната изборна комисија, во кој ќе ги наведе и образложи причините, и еден примерок треба да му даде на избирачот.

Избирачкиот одбор треба да го упати гласачот во Општинската изборна комисија.

**ОИК на денот на гласањето е отворена за сите гласачи што ќе побараат помош за остварување на своето гласачко право.**

**Секој гласач има право да поднесе до Општинската изборна комисија:**

- **приговор за заштита на личното избирачко право во постапка на спроведување на гласањето** (ОИК е должна на секој гласач што ќе се обрати во ОИК со намера да поднесе приговор да му издаде формулар на кој ќе го поднесе приговорот); и
- **приговор поради повреда на личното избирачко право во секоја фаза од изборниот процес, кој секој избирач може да го достави до Државната изборна комисија непосредно или преку општинската изборна комисија, во рок од 12 часа.** (ОИК е должна на секој гласач што ќе се обрати во ОИК со намера да поднесе приговор да му издаде формулар на кој ќе го поднесе приговорот или да го упати и да му помогне да го пополни електронскиот формулар на приговорот на www.prigovori.sec.mk)

# 4. ДЕМОКРАТСКО УПРАВУВАЊЕ

## 4.1. Што претставува демократското управување

Како треба да работат општините? Кои принципи на работење треба да ги почитуваат општинските органи при својата работа?

Демократијата се однесува на управување во кое сите возрасни граѓанки и граѓани моќта и граѓанската одговорност ги остваруваат директно или индиректно преку нивните слободно избрани претставнички и претставници на фер и демократски избори.

### Што е демократијата и какви се демократските општества?

- Демократијата се темели на принципот на владеење на мнозинството, што значи дека одлуките што се донесуваат од мнозинството треба да бидат прифатени од сите, но мора да се почитуваат и ставовите на малцинството;
- Во демократските општества централната власт се определува за децентрализација т.е. префрлање на надлежностите и правото на управување со локалните финансии (наплата и реализација) на локално ниво, бидејќи локалните проблеми поуспешно се решаваат на локално ниво;
- Во демократските општества граѓанките и граѓаните имаат права и одговорност да учествуваат во политичкиот живот.

Според Уставот, Република Северна Македонија е суверена и самостојна, граѓанска и демократска држава. Во неа се гарантираат човековите права и граѓанските слободи, се воспоставува владеењето на правото како темелен систем на власта и се обезбедува социјална правда, економска благосостојба и напредок на личниот и заедничкиот живот. Во таа насока е и стремежот на земјата кон развој на демократијата и почитување на демократските принципи на управување.

## 4.2. Кои се основните принципи на демократското управување?

1. **Човекови права**: во демократските општества, државата и институциите се стремат да ги заштитат правата и слободите на своите граѓанки и граѓани од секаква злоупотреба; едни од најзначајните човекови права се: правото на живот, забраната за тортура, правото на слобода и сигурност, правото на правично и фер судење, правото на приватен и семеен живот, правото на здравствена заштита, забраната на дискриминација, и други;
2. **Еднаквост:** еднаквоста на сите граѓанки и граѓани значи сите да имаат еднакви можности во остварувањето на индивидуалните капацитети и права, без оглед на расата, полот, родот, етничката припадност, религијата и слично;
3. **Фер и слободни избори**: слободните и фер избори им даваат на граѓанките и граѓаните шанса самите да ги изберат своите лидери, по свој слободен избор;
4. **Владеење на правото**: за сите граѓанки и граѓани сите закони треба да важат подеднакво, сите мора да ги почитуваат законите и да подлежат на казни доколку постапат спротивно на законите;
5. **Повеќепартиски систем**: причините за постоење на повеќе партии се да се прошири изборот, и граѓанките и граѓаните да можат да ги изберат за свои лидери најдобрите кандидати за одредени политички функции;
6. **Политичка толеранција**: владејачкото мнозинство / партиите на власт работат за реализација на својата програма за која добиле мандат од граѓанките и граѓаните на избори, но треба да ги почитуваат интересите и на малцинството / партиите што не се во владејачката коалиција;
7. **Неутралност на државните институции**: државните институции и јавните функционери мора да работат професионално и непристрасно, треба да бидат неутрални и да не застапуваат интереси на одредена политичка партија или партии на власт; професионалното и непристрасно работење ќе придонесе за квалитетно задоволување на потребите и подобар квалитет на живот на граѓанките и граѓаните;
8. **Учество на граѓанките и граѓаните во процесите на одлучување:** граѓанките и граѓаните ги избираат своите лидерки и лидери на избори, врз основа на програмата за работа која различните кандидати ја презентираат пред изборите; но, избраните претставнички и претставници се должни да им овозможат на граѓанките и граѓаните во текот на својот мандат непосредно да учествуваат во одлучувањето за

прашања од локално значење преку облиците на учество - граѓанска иницијатива, собири на граѓаните и референдум; комуникацијата меѓу општината и граѓаните мора да биде двонасочен, консултативен процес – одоздола нагоре и одозгора надолу, пред да се носат локалните одлуки;

9. **Транспарентност**: јавните функционери дозволуваат јавно испитување на она што го прават додека се на јавна функција, дозволувајќи граѓанките и граѓаните да присуствуваат на јавните состаноци и да добијат информации;

10. **Отчетност**: избраните лидерки и лидери или јавни службеници својата власт ја добиваат од граѓанките и граѓаните; оттука се должни редовно и навремено да ги информираат за своите одлуки и резултатите од својата работа;

11. **Контрола врз злоупотребата на моќта**: секоја влада без постоење на контрола на нејзините овластувања, може да ги злоупотреби – може да се случи кај лица од власта личниот интерес да преовлада над јавниот интерес на граѓанките и граѓаните, за што треба да бидат казнети и да одговараат;

12. **Економска слобода** е способноста способноста на луѓето и општеството слободно да преземаат економски активности. Економски посиромашните граѓанки и граѓани може полесно да бидат субјекти на разни видови злоупотреби во политички цели бидејќи немаат средства за да ги исполнат своите основни животни потреби. Како резултат на тоа, се случува тие да бидат подмитувани за време на изборите. Последиците од тоа се неповолни, како на пример одржување на власт на корумпирани лидери.

# 5. НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА

## 5.1. Кои надлежности ги има општината

Покрај централната власт, голем дел од услугите за граѓанките и граѓаните се обезбедуваат од општините. На своето подрачје општините ги вршат работите што се од јавен интерес и од локално значење. Според закон, општините самостојно ги уредуваат и вршат следните работи:

1. **Урбанистичкото (урбано и рурално) планирање** - издавањето на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште;
2. **Заштитата на животната средина и природата** - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење;
3. **Локалниот економски развој** - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните приоритети; водење на локална економска политика; поддршка на развојот на малите и средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво, учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;
4. **Комуналните дејности** - снабдувањето со вода за пиење; испораката на технолошката вода; одведувањето и пречистувањето на отпадните води; јавното осветлување; одведувањето и третманот на атмосферските води; одржувањето на јавна чистота; собирањето, транспортирањето и постапувањето со отпад; уредувањето и организирањето на јавниот локален превоз на патници; снабдувањето со природен гас и топлинска енергија; одржувањето на гробовите, гробиштата, крематориумите и давањето погребални услуги; изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирањето на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и

одржувањето на јавниот простор за паркирање; отстранувањето на непрописно паркираните возила; отстранувањето на хаварисаните возила од јавните површини; изградбата и одржувањето на пазарите; чистењето на оџаците; одржувањето и користењето на парковите, зеленилото, парк-шумите и рекреативните површини; регулацијата, одржувањето и користењето на речните корита во урбанизираните делови; определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти;

5. **Културата** - институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; негувањето на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности; организирањето културни манифестации; поттикнувањето на разновидни специфични форми на творештво;
6. **Спортот и рекреацијата** - развојот на масовниот спорт и рекреативните активности; организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградбата на објекти за спорт; поддршката на спортски сојузи;
7. **Социјалната заштита и заштита на децата** - детските градинки и домовите за стари (сопственост, финансирање, инвестиции и одржување); остварувањето на социјална грижа за лицата со попреченост; децата без родители и родителска грижа; децата со воспитно-социјални проблеми; децата со посебни потреби; децата од еднородителски семејства; децата на улица; лицата изложени на социјален ризик; лицата засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол; подигањето на свеста на населението; домувањето на лица со социјален ризик; остварувањето на право и воспитувањето на децата од предучилишна возраст;
8. **Образование** - основањето, финансирањето и администрирањето на основните и средните училишта, во соработка со централната власт; организирањето на превоз и исхрана за учениците и нивно сместување во ученички домови;
9. **Здравствената заштита** - управувањето со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита што треба да вклучат застапеност на локалната самоуправа во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравственото воспитување; унапредувањето на здравјето; превентивните активности; заштитата на здравјето на работниците и заштитата при работа; здравствениот надзор над животната средина; надзорот над заразните болести; помошта на пациентите со специјални потреби (на пример, ментално здравје, злоупотреба на деца итн.) и други области;

10. **Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра** од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последиците предизвикани од нив;
11. **Противпожарна заштита** што ја вршат територијалните противпожарни единици;
12. **Надзор и контрола** над вршењето на работите од надлежност на општината; и
13. Други работи определени со закон.

## 5.2. Начини на извршување на надлежностите

Заради извршување на своите надлежности, општините можат да основаат јавни служби, односно јавни претпријатија (на пр. комунално претпријатие за водовод) и јавни установи (на пр. дом на култура). За одредени надлежности, пак, две или повеќе општини можат да воспостават меѓуопштинска соработка, односно да ги здружат ресурсите и заедно да ги извршуваат надлежностите за кои постои потреба во сите општини што се дел од соработката ( на пр. заеднички инспекциски служби, заеднички комунални претпријатија итн.).

Дополнително, за вршење на одредени надлежности, општината може да соработува и со здруженија на граѓани и други организации. Соработката може да се воспостави преку повик од општината за конкретна област и вршење дефинирани работи за кои аплицираат здруженијата на граѓани, или пак, повик на кој здруженијата можат да аплицираат со сопствени идеи за тоа како да се надминат воочените проблеми во локалната заедница. Општините исто така можат да обезбедат поддршка за тековни активности на здруженија или организации што имаат специфична улога во локалната заедница, како што се грижата за лица со попречености, неформалното образование, спортските клубови и сојузи итн.

## 5.3. Надзор над работата на општината

Над работата на општината се врши редовен надзор, кој се однесува на надзорот над законитоста, и контрола и ревизија на материјалното и финансиското работење.

1. Надзорот над законитоста на прописите на општината го врши Министерството за локалната самоуправа.

2. Надзор над законитоста на работата на органите на општината врши Државниот инспекторат за локална самоуправа.
3. Контрола на материјалното и финансиското работење на општината врши Министерството за финансии.

Секој граѓанин има право, поединечно или заедно со други да доставува претставки и предлози за работата на органите на општината и општинската администрација. Градоначалничката/градоначалникот има должност најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката или предлогот, на подносителот да му достави одговор.

# 6. ФИНАНСИРАЊЕ НА ОПШТИНИТЕ

За да можат општините да ги извршуваат своите обврски и да ги обезбедуваат услугите на своите граѓанки и граѓани, треба да располагаат со доволно финансиски средства. Начинот на финансирање на општините е пропишан со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа, Законот за Градот Скопје, Законот за даноците на имот, Законот за комунални и административни такси, итн. Според законските одредби, финансиските средства општините ги добиваат од следните три големи извори на приходи:

А. **Сопствени приходи** – општината сама ги собира и наплатува од своите обврзници (физички и правни лица):

- локални даноци (даноци на имот),
- локални надоместоци (уредување на градежно земјиште, др.),
- локални такси (комунални, административни),
- други сопствени приходи (локални казни, самопридонес, приходи од имот, итн.).

Советот на општината со одлука ја утврдува висината на стапките на даноците и висината на надоместоците и таксите.

Б. **Трансфери и дотации** – општината ги добива од централниот буџет:

- приходи од данок на додадена вредност (дел од приходите собрани во централниот буџет се префрлаат на општинските буџети),
- наменски дотации (за одредена намена),
- блок дотации (образование, детски градинки, култура),
- капитални дотации (капитални проекти).

В. **Задолжување**

- заеми / кредити,
- издавање на општински обврзници.

> Советот на општината мора да го одобри долгорочното задолжување, врз база на претходно спроведена јавна расправа – консултација со жителите на општината.

Буџетот е најважниот документ што Советот на општината го донесува во текот на една година, врз основа на кој се реализира финансирањето на општинските работи. Буџетот е годишен план за финансирање што се состои од годишна процена на приходите и намената на трошоците – за кои цели ќе се искористат прибраните приходи. Буџетот и годишниот извештај за извршување на буџетот треба да бидат објавени на интернет страницата на општината.

Со буџетот се одредува какви, колку и кои проекти ќе се реализираат во текот на годината. Тоа се прави преку буџетски програми што одговараат на општинските надлежности, на пр. програма за комунални дејности, за локален економски развој, за урбанистичко планирање, за култура, образование, социјална заштита и други.

Општината во својот буџет може да предвиди програма за финансирање на здруженија на граѓани, а поддршката на конкретни проекти да ја уреди со внатрешни процедури и правила.

Општината треба да ги консултира граѓаните при одредување на приоритетите за кои ќе се планираат и искористат финансиски средства во буџетот. Финансиските средства што ги има на располагање општината се ограничени, и затоа треба да се одлучи за што истите ќе се наменат, што ќе биде приоритет за одредена локална заедница.

Граѓанките и граѓаните се должни навремено да ги плаќаат обврските за локалните давачки кон општината што се дел од сопствените приходи - извори на финансирање. На тој начин општината ќе може да обезбеди доволно средства за испорака на локалните услуги. Во спротивно, недоволните финансиски средства ќе се одразат преку послаб квалитет или неможност за испорака на одредени услуги.

# 7. НЕПОСРЕДНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИТЕ ВО ОДЛУЧУВАЊЕТО ВО ОПШТИНИТЕ

Граѓанките и граѓаните можат непосредно да учествуваат во одлучувањето за прашања од локално значење, и тоа преку: граѓанска иницијатива, собири на граѓаните, референдум, претставки и предлози, како и јавни трибини, анкети и предлози. Трошоците за спроведување на непосредното учество на граѓаните во одлучувањето паѓаат на товар на општинскиот буџет.

## 7.1. Граѓанска иницијатива

Под граѓанска иницијатива се подразбира правото на граѓанките и граѓаните да му предложат на Советот да донесе одреден акт или да реши одредено прашање од неговата надлежност. Под акт се подразбира статут, програма, план, одлука или друг вид на регулативи што се усвојуваат на локално ниво. Граѓанската иницијатива не може да се поднесе за кадровски и финансиски прашања. За сите други видови прашања, Советот е должен да расправа ако го поддржат најмалку 10 % од избирачите на општината. Советот е должен да ја одржи расправата најдоцна во рок од 90 дена по доставената иницијатива и да ги информира граѓанките и граѓаните за својата одлука.

## 7.2. Собир на граѓани

Во согласност со Законот за локална самоуправа, собир на граѓани може да се свика за подрачјето на целата општина или за подрачјето на месната самоуправа. Собир на граѓани може да се свика:

- по иницијатива на градоначалничката/градоначалникот на општината;
- на барање на Советот на општината; и

- на барање од најмалку 10 % од избирачите на општината, односно на месната самоуправа на која се однесува определеното прашање.

Без оглед на основата по која се свикува собирот на граѓани, општинската администрација целосно е одговорна за остварувањето и логистичката организација на процесот, вклучително и протокот на информации помеѓу граѓаните и органите на општината (градоначалничката/градоначалникот и членовите на Советот на општината). Органите на општината се должни во рок од 90 дена да ги разгледаат заклучоците донесени на собирот на граѓани и да ги земат предвид при одлучувањето и донесувањето мерки по прашањата на кои се однесуваат, како и да ги информираат граѓаните за своите одлуки.

## 7.3. Референдум

Референдумот претставува најлегитимен начин на непосредно учество на граѓанките и граѓаните во процесот на одлучување на локално ниво. Со него со опфаќаат прашања што се дел од надлежностите на локалната самоуправа, и тоа од областа на:

- буџетот;
- финансиите; и
- организацијата на општинската администрација.

Законот за локална самоуправа, кој го уредува прашањето за спроведување на референдум на локално ниво, пропишува дека:

- Советот е должен да распише референдум на барање од најмалку 20% од избирачите во општината;
- Советот може да распише референдум за прашања од негова надлежност, по сопствена иницијатива; и
- Одлуката донесена на референдумот е задолжителна за Советот.

## 7.4. Претставки и предлози

Секоја граѓанка или граѓанин има право, поединечно или заедно со другите, да доставува претставки и предлози за работата на органите на општината и општинската администрација. Градоначалничката/градоначалникот има должност да создаде услови за доставување претставки и предлози. Најдоцна во рок од 60 дена од денот на приемот на претставката, односно предлогот, градоначалничката/градоначалникот има должност на подносителот да му достави образложен одговор. Доколку добие претставки и предлози што не се однесуваат на работи од надлежност на органите на општината,

градоначалничката/градоначалникот има должност да ги достави до соодветниот надлежен орган и за тоа да го извести подносителот.

## 7.5. Јавни трибини, анкети и предлози

При изготвувањето на прописите на општината, Советот, односно градоначалничката/градоначалникот може претходно да организира јавни трибини, да спроведе анкети или да побара предлози од граѓаните.

# Користена литература


1. ***Изборен законик*** (Предлог консолидиран текст/ неофицијална верзија изготвена од стручната служба на ДИК во февруари 2020) („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19, 98/19 и 42/20, 42/20 и 74/21;); достапен на: https://www.sec.mk/izboren-zakonik/
2. ***Државна изборна комисија***, *Прирачник за едукација на членовите на општинските изборни комисии, избирачките одбори и избирачките одбори за спроведување на гласањето во странство на ДИК*, Скопје, 2020 година (достапно на: https://drive.google.com/file/d/1ZURxnQj6Q3zZv2pXyNqLExMSZS2nBFwl/view)
3. Б. Кордалов и др., ***Прирачник за млади гласачи***, Мисија на ОБСЕ во Скопје и Државна изборна комисија, Скопје, 2021
4. ***Извештај на Мисијата за набљудување на локалните избори во 2017 г. на ОБСЕ/ОДИХР***, достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/9/4/372751.pdf
5. Јане Димески и др., ***Прирачник за локални избори во 2017***, Фондација Конрад Аденауер и Институт за демократија „Социетас Цивилис", Скопје, 2017
6. Цивил, *Сѐ што сакавте да знаете за изборите*, Скопје, 2019
7. Парламентарен Институт, ***Пропорционалниот изборен систем во една изборна единица наспроти пропорционалниот изборен систем во повеќе изборни единици***, Скопје, 2017
8. И. Јованов, *За изборните модели*, Скопје, 2015
9. Душица Перишиќ и др., *Прирачник за градоначалниците и советниците за надлежностите на локалната самоуправа*, Заедница на единиците на локалната самоуправа, Скопје, 2017
10. *Устав на Република Северна Македонија*
11. *Закон за локалната самоуправа*, Службен весник бр. 5/2002
12. *Закон за Градот Скопје* , Службен весник бр. 55/2004,
13. *Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа*, Службен весник бр.61/2004,
14. *Закон за територијална организација на единиците на локалната самоуправа*, Службен весник бр. 55/2004
15. *Закон за меѓуопштинската соработка*, Службен весник бр. 79/2009.
16. Мисија на ОБСЕ во Скопје „*Прирачник за промовирање на принципите на демократско управување во советите на единиците на локалната самоуправа*", 2019, достапно на: https://www.osce.org/files/f/documents/b/1/413075.pdf
17. Фондација Конрад Аденауер „*Концепти и начела на демократското управување и отчетност*", 2011, достапно на: https://www.kas.de/c/document_library/get_file?uuid=56a283ae-50ff-0c9b-7179-954d05e0aa19&groupId=252038

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

352:324(497.7)(035)

ШТО е локална власт и како ја избираме [Електронски извор] :

прирачник за локални избори наменет за гласачи / [авторки и автори Нина Шуловиќ-Цветковска ... и др.]. - Скопје : Државна изборна комисија на Република Северна Македонија : Мисија на ОБСЕ во Скопје, 2021

Начин на пристапување (URL): https://www.sec.mk. - Начин на пристапување

(URL): https://www.osce.org. - Текст во PDF формат, содржи 37 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 10.09.2021. - Фусноти кон текстот. - Други автори: Маја Лазарова, Душко Тодороски (ОБСЕ), Адмир Шабани, Љупка Гугучевска-Филипоска (ДИК). -

Библиографија: стр. 36-37

ISBN 978-608-4949-04-6 (ДИК)

ISBN 978-608-4788-70-6 (ОБСЕ)

1. Шуловиќ-Цветковска, Нина [автор] 2. Лазарова, Маја [автор] 3.

Тодороски, Душко [автор] 4. Шабани, Адмир [автор] 5.

Гугучевска-Филипоска, Љупка [автор]

а) Локална самоуправа -- Изборен процес -- Македонија -- Прирачници

COBISS.MK-ID 54906117